

# Извештај за транспарентност

за 2024 година

Грант Торнтон ДОО

# Содржина


Вовед 3

Правна структура и сопственост 4

Членство во меѓународни мрежи 7

Управувачка структура на друштвото 9

Систем за управување со квалитетот 11

Субјекти кај кои е извршена законска и договорна ревизија 24

Финансиски информации 29

Утврдување на хонорарот на овластениот ревизор 31

Изјава за ефективноста на функционирањето на внатрешниот систем за контрола на квалитет 33

Изјава за независното работење на Друштвото за ревизија 35

Изјава за политиката што ја следи Друштвото за континуирано професионално усовршување 37

Нашите канцеларии 39


© 2025 Grant Thornton

# Вовед

## Извештајот за транспарентност за 2024 година е јавен извештај за нашата посветеност кон обезбедување високо квалитетни ревизорски услуги на деловните субјекти во Република Северна Македонија.

Како дел од нашиот континуиран фокус врз транспарентноста, овој Извештај за транспарентност е креиран со цел да им помогне на нашите клиенти, регулатори и јавноста воопшто, да стекнат разбирање за организацијата и работењето на Друштвото за ревизија Грант Торнтон ДОО, Скопје (во понатамошниот текст „Друштвото“). Корисниците на нашите услуги со право очекуваат од нас да имаме релевантни човечки ресурси и соодветни политики, процедури и технологија кои ни овозможуваат обезбедување на високо квалитетни ревизорски услуги.

Извештајот за транспарентност е подготвен во согласност со член 35 од Законот за ревизија (Сл. Весник на РМ бр. 158/10,135/11, 188/13, 43/14, 138/14, 145/15, 192/15, 23/16, 83/18, 122/21), како и со Насоките за подготовка на Извештајот за транспарентност, издадени од Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија во месец февруари 2015 година, како и изменување и дополнување на Насоките за подготовка на Извештајот за транспарентност, издадени од Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија во месец февруари 2024 година и јануари 2025 година.

Извештајот за транспарентност содржи податоци и информации за правната и управувачката структура на Друштвото, нашето членство и опис на глобалната професионална мрежа Grant Thornton International ltd на која и припаѓаме, нашата експертиза, внатрешниот систем на контрола на квалитет и остварените финансиски резултати.

Управители

Сузана Ставриќ

Марјан Андонов

Ружа Филипчева

Грант Торнтон ДОО Скопје

Скопје, 28 март 2025

# Правна структура и сопственишто

# Правна структура и сопственишство

Друштвото за ревизија Грант Торнтон ДОО Скопје, е Друштво со ограничена одговорност основано на ден 26 март 2003 година во Скопје, Република Северна Македонија. Адресата на неговото регистрирано седиште е: Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 526-1/20, 1000 Скопје.

Друштвото поседува Дозвола за работа издадена од Министерството за финансии на Република Северна Македонија бр. 07-6568/1 од 17.04.2003.

Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија издаде Лиценца за работа за вршење на работи на ревизија на Друштвото за ревизија Грант Торнтон ДОО, Скопје, бр. 07-253/1 од 02 јули 2013, регистарски број на лиценца 07. Друштвото е регистрирано во Регистарот на друштвата за ревизија при Институтот на овластени ревизори на Република Македонија под регистерски број ДР008. Друштвото и овластените ревизори вработени во Друштвото се членови на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија. Лиценцата за работа издадена од Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија е запишана во Централниот Регистар на Република Северна Македонија.

Со состојба на 31 декември 2024 година, Друштвото вработува вкупно 28 лица, вработени на неопределено полно работно време. Во Друштвото се вработени 4 овластени ревизори. Со состојба на 28 март 2025 година, Друштвото вработува вкупно 29 лица, од кои 28 лица се вработени на неопределено полно работно време и 1 лице вработено на определено работно време. Во Друштвото се вработени 4 овластени ревизори.

На двата датуми на известување, Друштвото нема вработени со неопределено скратено работно време.

Со состојба на 31 декември 2024 година и 28 март 2025 година, висината на основната главнина на Друштвото изнесува 309,000,00 денари.

Сопственичката структура на Друштвото со состојба на 31 декември 2024 година и на датумот на овој Извештај за транспарентност е како што следи:

| | | 31 декември 2024 година | | 28 март 2025 година | |
|---|---|---|---|---|---|
| Име и презиме | Лиценца | Учество во апсолутен износ (МКД) | % на учество | Учество во апсолутен износ (МКД) | % на учество |
| Ружа Филипчева | Овластен ревизор | 247.200,00 | 80% | 247.200,00 | 80% |
| Марјан Андонов | Овластен ревизор | 30.900,00 | 10% | 30.900,00 | 10% |
| Сузана Ставриќ | Овластен ревизор | 30.900,00 | 10% | 30.900,00 | 10% |
| Вкупно | | 309.000,00 | 100% | 309.000,00 | 100% |

# Правна структура и сопственишство

Приоритетна дејност на Друштвото / негова главна приходна шифра според Трговскиот Регистар е 69.20 – Сметководствени, книговодствени и ревизорски работи; даночно советување.

Со состојба на 31 декември 2024 година и на датумот на овој Извештај за транспарентност, Друштвото нема подружници регистрирани во државата и во странство, ниту се јавува како основач на други друштва. Друштвото за ревизија Грант Торнтон ДОО, Скопје е полноправна фирма членка на Grant Thornton International Ltd (во понатамошниот текст „GTIL“) со седиште во Лондон. Повеќе информации за членството во оваа мрежа се дадени во продолжение на овој Извештај за транспарентност.

Согласно одредбите на Законот за ревизија, Друштвото е осигурено од одговорност од штета предизвикана на трети лица при вршењето на својата професионална дејност - работи на ревизија кај Евроинс осигурување А.Д. Скопје, полиса број 13053000026559/0. Лимитот на одговорноста на осигурување по штетен настан изнесува 400.000,00 Евра. Периодот на осигурување е од 15 декември 2024 заклучно со 15 декември 2025 година.



# Членство во меѓународни мрежи

# Членство во меѓународни мрежи

Друштвото за ревизија Грант Торнтон ДОО, Скопје е полноправна фирма членка на Grant Thornton International Ltd со седиште во Лондон.

GTIL е приватна компанија со ограничена одговорност, основана во Англија и Велс и е една од меѓународните водечки организации на независно поседувани и управувани сметководствени и консултантски фирми.

GTIL е глобална професионална мрежа застапена во 150 пазари во светот и со повеќе од 76.000 вработени. Остварениот вкупен приход на глобално ниво за годината што заврши на 30 септември 2024 изнесува 8 милијарди УС Долари.

GTIL и фирмите членки не претставуваат глобално партнерство. GTIL не обезбедува услуги за клиенти туку услугите се обезбедуваат глобално од страна на фирмите членки на GTIL. Секоја фирма членка претставува посебен правен субјект. Фирмите членки го носат името Grant Thornton, ексклузивно или пак како дел од нивното локално име. Овие фирми обезбедуваат ревизорски, даночни и консултантски услуги на приватни и јавни друштва.

GTIL и Грант Торнтон ДОО Скопје имаат потпишано Договор за користење на името и Договор за членство. Со Договорот за членство се регулираат меѓусебните права и обврски помеѓу страните. Со Договорот за користење на името се регулираат правата и обврските во однос на поседувањето и правото на користење на брендираното име - Grant Thornton и неговата заштитна марка.

GTIL е раководен од Одборот на Гувернери (Board of Governers) и Глобалниот лидерски тим (Global Leadership Team). Одборот на Гувернери е главен раководен орган и се избира од фирмите членки на GTIL. Глобалниот лидерски тим е одговорен за извршување на глобалната стратегија и со него претседава Главниот Извршен Директор. Глобалниот лидерски тим се грижи за реализација на глобалната стратегија за развој, развој и имплементација на технологиите, стандардите и етичките барања и ја следи нивната имплементација од страна на фирмите членки.

# Управувачка структура на Друштвото

# Управувачка структура на Друштвото

Со Друштвото управуваат Управители и Собир на содружници согласно Законот за трговски друштва.

## Управители:

- Ружа Филипчева, Овластен Ревизор
- Марјан Андонов, Овластен Ревизор
- Сузана Ставриќ, Овластен Ревизор

## Собир на содружници:

- Ружа Филипчева, Овластен Ревизор
- Марјан Андонов, Овластен Ревизор
- Сузана Ставриќ, Овластен Ревизор

# Систем за управување со квалитет

# Систем за управување со квалитет

## Цели на системот за управување со квалитетот

Глобалната рамката за квалитет на мрежата на Грант Торнтон, на едноставен и јасен начин ја воспоставува важноста на стандардите за квалитет и целта на Грант Торнтон кон обезбедување на висококвалитетни услуги за своите клиенти,

Друштвото има изградено и имплементирано систем за управување со квалитетот чија цел е обезбедување разумна сигурност дека Друштвото и неговите вработени се усогласени со законската регулатива и професионалните стандарди, како и тоа дека ревизорските извештаи соодветствуваат на околностите.

Пристапот на системот за управување со квалитет се заснова на идентификување на ризиците, што му овозможува на Друштвото да одговори на промените во околината, Ваквиот пристап има за цел да обезбеди континуирано подобрување и исполнување на различните регулаторни барања.

Праксата на добро управување со квалитетот, привлекува квалитетни клиенти и вработени, и допринесува кон квалитетно извршување на ангажманите.

## Усогласеност

Во текот на 2024 година, воспоставениот систем за управување со квалитетот беше целосно усогласен со следниве професионални стандарди за квалитет, публикувани од телата при Меѓународната Федерација на Сметководители (МФС):

- Меѓународниот Стандард за Управување со Квалитетот 1 (МСУК 1): Управување со Квалитет кај фирми кои извршуваат ревизии или проверки на историски финансиски информации, и други ангажмани на уверување и поврзани услуги;
- Меѓународниот Стандард за Управување со Квалитетот 2 (МСУК 2): Преглед на квалитетот на ниво на ангажман;
- Меѓународниот Стандард за Ревизија 220 (ревидиран): Управување со квалитет на ревизии на финансиските извештаи;
- Кодексот на етика за професионалните сметководители објавен од страна на Одборот за Меѓународни стандарди за етика на сметководители.

Друштвото врши мониторинг на својот систем на управување со квалитетот на тековна основа, што исто така вклучува и внатрешна контрола на селектирани завршени ангажмани. Друштвото прави евалуација на системот на управување со квалитетот на годишно ниво.

# Систем за управување со квалитет

## Поставеност на систем за управување со квалитетот

Системот за управување со квалитетот на Друштвото вклучува: Документирани политики и процедури за управување со квалитетот на работењето (Прирачник за управување со квалитетот), стриктно дефинирани улоги и одговорности за имплементирање на политиките и процедурите и мониторинг врз креирањето и оперативната ефикасност на изградениот систем за управување со квалитетот, преку следниве процеси

- идентификување на ризиците за постигнување на целите за квалитет;
- дизајнирање и спроведување на одговори на проценетите ризици за квалитет;
- следење на дизајнот и оперативната ефикасност на политиките и процедурите преку мониторинг на активности интегрирани во процесите; и
- континуирано подобрување на системот за управување со квалитетот во случаи кога се идентификувани области за подобрување, преку извршување анализи за основните причини и спроведување на активности за поправка.

## Основните цели на системот за управување со квалитет се:

- Да обезбеди пристап заснован на ризик кон континуирано подобрување на квалитетот;
- Да обезбеди усогласеност со законите и регулаторните барања;
- Да дизајнира, имплементира и обезбеди функционирање на систем на управување со квалитетот кој обезбедува разумна сигурност дека:
  - Друштвото и неговите работени ги исполнуваат своите одговорности согласно професионалните стандарди и законските и регулаторни барања, како и тоа дека ги извршуваат ангажманите согласно стандардите и барањата; и
  - Ревизорските извештаи соодветствуваат на околностите.
- Да дизајнира и имплементира соодветни процедури на внатрешна проверка на квалитетот, идентификување на причините за недостатоците и план на активности за надминување на недостатоците; и
- Да осигури дека Друштвото е отпорно и може да одговори на промените во околината (регулаторни, технички, животна средина и сл.).

# Систем за управување со квалитет

Системот за управување со квалитет е составен од следниве компоненти:

## Управување и раководство

Друштвото има воспоставено управувачка структура која:

- поседува доволно способност, авторитет и интегритет потребни за ефикасно извршување на нивната улога;
- промовира внатрешна култура која го признава квалитетот како од суштинско значење во извршувањето на сите ангажмани;
- ја согледува околината и обезбедува различни мислења со цел обезбедување на висококвалитетни услуги;
- покажува посветеност во подобрување на внатрешните системи и користење различни со цел да се поддржи испораката на висококвалитетни услуги;
- работи со други фирми – членки на Грант Торнтон на отворен, соработнички и конструктивен начин

Собирот на содружници и управителите се одговорни и вршат мониторинг на функционирањето на Системот на управување со квалитетот, развој на нови политики и процедури, како и соодветно санкционирање во случај на непридржување кон воспоставените политики и процедури. Собирот на содружници и управителите, на годишно ниво, извршија евалуација и оценија дека системот на управување со квалитетот  обезбедува разумна сигурност дека целите на системот за управување со контролата се исполнети.

Согласно воспоставениот систем за управување со квалитетот, сите вработени во Друштвото се должни, при вработувањето и потоа на годишна основа да потпишат изјава дека ги прочитале, разбрале и ги применуваат политиките и процедурите за контрола на квалитетот на работењето.

# Систем за управување со квалитет

## Етички барања

Друштвото има воспоставено релевантни етички барања со цел:

- ангажманите да се извршуваат на етички, јасен и чесен начин;
- да се избегнуваат услуги кои вклучуваат или промовираат неетичко однесување;
- вработените објективно ги извршуваат своите задачи;
- соработка со регулаторите;
- почитување и заштитување на доверливоста на информациите стекнати преку професионални и деловни односи.

Сите вработени во Друштвото се одговорни пред клиентите и Друштвото дека се запознаени и ги применуваат етичките правила и принципи во своето работење и извршувањето на ревизорските ангажмани во согласност со барањата на Кодексот на етика за професионалните сметководители објавен од страна на Одборот за Меѓународни стандарди за етика на сметководители.

Друштвото има воспоставено и применува соодветни мерки кои се однесуваат на почитувањето и спроведувањето на етичките барања. Тие вклучуваат ограничување во однос на:

- Финансиски интерес кај ревизорските клиенти;
- Позајмици и гаранции;
- Блиски деловни односи;
- Да осигури дека Друштвото е отпорно и може да одговори на промените во околината (регулаторни, технички, животна средина и сл.).
- Вработување;
- Давање услуги кај ревизорските клиенти;
- Членство во раководните тела кај ревизорските клиенти;
- Долгорочно врзување на повисоките ревизорски нивоа кај ревизорските клиенти;
- Обезбедување на не-ревизорски услуги на ревизорските клиенти;
- Начин на утврдување на надоместоците за ревизорските услуги и ценовна политика;
- Ограничувања кај примањата на подароци;
- Постапки во услови на фактички или потенцијални тужби.

© 2025 Grant Thornton

# Систем за управување со квалитет

## Прифаќање, продолжување или повлекување на ангажмани

Друштвото има воспоставено и имплементирано соодветни политики и процедури за прифаќање, продолжување или повлекување на ангажманите. Воспоставените политики и процедури имаат за цел обезбедување разумна сигурност дека Друштвото прифаќа и продолжува со ангажманите на ревизија врз основа на претходно постигнато уверување во однос на:

- Интегритет на клиентот;
- Компетентност на членовите на ангажираниот тим, расположливите капацитети, време и ресурси;
- Усогласеност со етичките барања.

Процедурите кои се применуваат се документирани во стандардизирани форми за прифаќање / продолжување на ангажманите на ревизија. Овие форми се задолжителни за сите ревизорски ангажмани. Процедурите за прифаќање, продолжување или повлекување на ангажманите опфаќаат:

- Прибирање и анализа на податоци за потенцијалните клиенти, односно ажурирање на податоците за постојните клиенти и нивниот интегритет;
- Идентификација и евалуација на ризиците од прифаќање / продолжување со ангажманот на ревизија;
- Проценка на компетентност на членовите на ангажираниот тим, расположливите капацитети, време и ресурси;
- Испитување на потенцијалните ризици од постоење конфликт на интереси и преземање соодветни мерки за нивно елиминирање / минимизирање;
- Постапки на проверка на поврзаноста;
- Испитување на потребата од ангажирање на експерти по одредени подрачја во текот на извршувањето на ангажманот;
- Утврдување на потребата од вклучување на контролор на квалитетот на ангажманот на ревизија.

GTIL има воспоставено критериуми за клучни ревизорски ангажмани (Key Assurance Engagements - KAA) кои фирмите членки се обврзани да ги применуваат при проценка на потенцијалните ангажмани. Фирмите членки ги пријавуваат за проверка потенцијалните ангажмани кои ги исполнуваат овие KAA критериуми кај Глобалниот комитет за проверка. Комитетот за проверка на прифаќањето на ревизорските ангажмани ги проверува поднесените KAA пријави со цел да се направи проценка на способноста дека фирмата членка ќе биде во состојба да обезбеди ревизија со висок квалитет.

# Систем за управување со квалитет

## Човечки ресурси

Друштвото има воспоставено и имплементирано соодветни политики и процедури кои се однесуваат на човечките ресурси со што се обезбедува:

- Вработување на лица со соодветни способности и професионална компетентност за извршување на работните задачи;
- Одржување на професионалната компетентност на вработените преку континуирана професионална едукација и евалуација на знаењата на вработените.

Овие процедури опфаќаат:

- Планирање на потребите за вработување и воспоставување на соодветни критериуми за изворите на вработувања, методите на привлекување на кадрите, евалуација на потенцијалните вработени;
- Назначување на лица задолжени за вработување;
- Проверка на ефективноста на вработувањата, вклучувајќи проверка на усогласеноста со воспоставените процедури;
- Утврдување на потребните квалификации, искуство и експертиза на потенцијалните кадри на различни професионални нивоа, односно дефинирање на описите на работните задолженија и одговорности за секое професионално ниво.

## Спроведување на ангажманите

Друштвото има воспоставено и имплементира соодветни процедури кои обезбедуваат конзистентност во квалитетот на извршувањето на ангажманите.

Клучните процедури вклучуваат:

- Запознавање на членовите на тимот со природата, комплексноста и времетраењето на ангажманот, нивните задачи, одговорности и комуникација;
- Процес на усогласеност со применливите стандарди на ангажманот;
- Процеси на надзор врз извршувањето на ангажманот и раководење со тимот на ангажманот;
- Методи на проверка на извршувањето на работните задачи, направените значајни проценки и известување во форма на извештај од извршената ревизија;
- Оценка на соодветноста и доволноста на документацијата од извршениот ангажман, како и утврдување на временската рамка и обемот на проверката на ангажманот;
- Процеси на ажурирање на методологиите, политиките и процедурите за спроведување на ангажманите на ревизија.

# Систем за управување со квалитет

## Проверка на квалитетот на извршувањето на ангажманите

Друштвото има воспоставено и имплементирано соодветни политики за проверка на квалитетот на извршување на ангажманите со цел:

- обезбедување разумно уверување дека политиките и процедурите за управување со квалитетот се релевантни, соодветни и ефикасно функционираат;
- спроведување на внатрешна проверка на квалитетот на завршените ангажмани на периодична основа; и
- идентификување на вообичаените фактори за идентификуваните слабости и преземање соодветни активности за нивно надминување.

Проверка на квалитетот на извршувањето на ангажманите е посебно важен процес во системот на управување со квалитетот. Друштвото има воспоставено и имплементирано соодветни процедури на проверка на квалитетот на ниво на ангажман кои обезбедуваат објективна евалуација на значајните проценки направени од страна на ревизорскиот тим во текот на извршувањето на ангажманот, како и заклучоците до кои дошле при формулирањето на извештајот од извршената ревизија.

Друштвото применува соодветна методологија и критериуми, развиени од страна на GTIL, во категоризацијата / профилирањето на ангажманите од аспект на ризикот на ревизорскиот тим и ризикот на ангажманот. Врз основа на оценката на корелацијата помеѓу овие два ризика поврзани во соодветен модел, Друштвото утврдува за кои ангажмани ќе биде назначено лице кое ќе изврши независна проверка на квалитетот на извршениот ангажман (проверувач на квалитетот).

Независна проверка на квалитетот задолжително се извршува кај ангажмани на ревизија на берзански котирани клиенти, како и кај друштва од јавен интерес.

Друштвото има воспоставено и применува посебни критериуми при изборот и назначувањето на проверувачот на квалитетот, кои се засноваат на професионалната компетентност, искуство и експертиза, поседување на професионални лиценци, независноста и објективноста на проверувачот.

Процедурите кои се извршуваат од страна на проверувачот на квалитетот на ангажманот опфаќаат:

- Дискусија со партнерот на ангажманот;
- Преглед на финансиските извештаи - предмет на ревизија и извештајот од извршената ревизија;
- Проверка на селектирани работни документи, посебно поврзани со значајните ревизорски проценки и заклучоци;
- Обемот на проверка на квалитетот на ангажманот зависи од комплексноста на ангажманот и ризикот од несоодветност на извештајот од извршената ревизија во дадени околности.

# Систем за управување со квалитет

## Листа на рестриктивни клиенти

Друштвото има воспоставено и врши редовно ажурирање на листата на рестриктивни клиенти. Вработените се должни да ја проверат оваа листа пред донесување на било каква сопствена одлука за вложување и пред потпишување на годишната изјава за независност.

## Изјава за независност

Пред отпочнување на планираните активности кај ревизорските ангажмани, секој поединечен член на тимот потпишува изјава за независност и истата ја доставува кај Партнерот на ангажманот. Партнерот на ангажманот врши проверка и потврдува дека не постои било каков конфликт на интереси и пречки од аспект на независноста на членовите на тимот за извршување на ангажманот.

## Ротација на партнерот на ангажманот и лицата одговорни за проверка на контролата на квалитетот на ангажман

Друштвото има воспоставено соодветни критериуми и процедури на задолжителна ротација на партнерот на ангажманот и лицата одговорни за проверка на контролата на квалитетот на ангажмани кај клиенти од јавен интерес по истекот на период од максимум седум години. Овие лица не можат да бидат повторно ангажирани во тимот за ревизија пред истекот на дополнителни две години по периодот на нивно ангажирање.

## Глобален систем на независност (Global Independence System –GIS)

Дополнително кон нашите сопствени практики поврзани со независноста, GTIL бара од своите фирми членки да применат политики и процедури кои се креирани да ја заштитат независноста во ангажманите на ревизија и да идентификуваат случаи кои би можеле да предизвикаат конфликт на интереси. Глобалните политики и процедури за независност се засноваат на Кодот на Етика на Меѓународниот Одбор за Етички Стандарди на Професионалните Сметководители со додатоци кои даваат насоки за усогласување на независност глобално и процесот на меѓународна проверка на поврзаноста. Фирмите членки се исто така должни да се придржуваат кон нивните национални регулаторни барања во сите случаи кога истите се порестриктивни.

Клучна цел во одржувањето на независноста на фирмите членки и ревизорските тимови е избегнување на поседување било каков финансиски интерес кај ревизорските клиенти. За постигнување на оваа цел, Grant Thornton ја употребува GIS алатката – автоматизиран систем за следење кој ги идентификува субјектите кои се берзански котирани и во кои е забрането или ограничено поседување финансиски интерес. Информациите од овој систем се достапни за сите вработени во сите фирми членки.

Фирмите членки, партнерите, менаџерите, соработниците и другите поврзани лица се должни да достават и ажурираат податоци за нивниот финансиски интерес во GIS. GIS врши проверка на усогласеноста на политиките за финансиски интерес со споредба на евидентираниот финансиски интерес во системот со ажурираната листа на субјекти каде е ставена забрана. Поединците и раководителите задолжени за спроведување на усогласеноста се информираат од страна на системот доколку се појави случај на евидентиран финансиски интерес кај субјект каде тоа е забрането.

Мониторингот врз усогласеноста со GIS се врши на обете нивоа, кај фирмите членки и на глобално ниво.

# Систем за управување со квалитет

## Проверка на поврзаноста

Политиките на GTIL ги обврзуваат фирмите членки и професионалниот кадар од сите услужни области да ја одржуваат нивната објективност при обезбедувањето услуги на клиентите. Заради избегнување на евентуален конфликт на интереси и потенцијални закани по независноста при обезбедувањето на не-ревизорски услуги на клиентите од ревизија или нивните придружни субјекти, од суштинско значење е идентификувањето на евентуалната поврзаност со постојните клиенти пред прифаќањето на ангажманите.

Политиките и процедурите на ниво на фирмите членки, како и на глобално ниво вклучуваат процеси креирани со цел да се идентификува евентуалната поврзаност. Овие процеси бараат, пред прифаќањето на ангажманите, соодветна консултација, како и соодветен одговор на идентификуваната закана и примена на заштитни мерки, доколку е соодветно, во случај кога е идентификувана поврзаност.

## Мерки за обезбедување доверливост и заштита на податоците

Друштвото има воспоставено и применува соодветни мерки кои се однесуваат на доверливоста и заштита на податоците како едно од фундаменталните професионални барања. Деловните активности, финансиските и други податоци и информации за клиентите имаат третман на деловна тајна.

Во таа смисла барањата на Друштвото од своите вработени вклучуваат ограничувања поврзани со обелоденување на податоците од клиентите и други податоци поврзани со деловните активности, финансиски податоци и информации во комуникацијата со трети лица, лица кај клиентите, како и помеѓу вработените во Друштвото кои не се вклучени во ангажманот на ревизија.

Мерките за заштита на податоците вклучуваат мерки на обезбедување на писмените и електронски документи, податоци и информации во текот на извршувањето на ангажманите во просториите на клиентите, обезбедување на персоналните компјутери, службените возила, како и соодветни заштитни мерки кои се применуваат во електронската комуникација со клиентите и помеѓу вработените.

## Континуирана професионална едукација

Техничките способности и искуство на нашиот кадар претставуваат најголем ресурс кои им го нудиме на нашите клиенти. За да обезбеди целосен развој на тие способности и најдобри гаранции за демонстрирање на тие искуства, Друштвото бара од своите вработени да поседуваат соодветно ниво на професионални лиценци од нивната област.

Генералната политика на Друштвото во областа на едукацијата е да им обезбеди обуки на своите кадри, релевантни на нивните активности и нивоа на знаење и експертиза.

Потребите за обука се утврдуваат од Раководството на Друштвото, а во согласност со потребите за обука на вработените.

Планот за обуки се утврдува на годишно ниво и секој вработен задолжително добива 40 часа обука годишно. Постојат посебни едукативни програми за секоја категорија на вработени. Вработените навреме се информираат за клучните семинари кои се бара да ги посетат. Семинарите се раководат и спроведуваат од партнерите и менаџерите за ревизија кои се вработени во Друштвото или надворешни професионалци за посебни прашања, а дополнително се посетуваат и on line обуки дизајнирани од страна на GTIL. Семинарите покриваат различни теми и тоа за развој на ревизорските познавања и техники, фокусирани на ревизијата, уверувањето, МСФИ, релевантната законска регулатива и слично.

# Систем за управување со квалитет

Освен тоа, и во согласност со законските барања, овластените ревизори во Друштвото посетуваа соодветни обуки од најмалку 120 часа за период од три години, односно најмалку 30 часа годишно организирани од страна на Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија.

Независно од фактот што најголемиот дел од техничките обуки се остваруваат во рамките на самите фирми членки, GTIL исто така организира тековни обуки и програми наменети за ревизорскиот персонал за сите фирми членки кои се однесуваат на методологијата и стандардите за ревизијата, соодветната технологија и МСФИ.

### Назначување на одговорниот на ангажманот, членови на ревизорскиот тим и експерти и специјалисти

Друштвото има воспоставено и имплементира соодветни процедури кои вклучуваат детално планирање на потребните кадри за извршување на секој поединечен ангажман на ревизија, како и детално планирање на потребните кадри на ниво на ревизорска сезона.

Планирањето на потребните кадри за извршување на поединечните ангажмани опфаќа:

- Претходна проверка на способноста и професионалната компетентност на расположливите ресурси од аспект на познавањето и практичното искуство во извршувањето на ангажмани од слична природа, комплексност, индустрија и сл;
- Утврдување на структура на ревизорскиот тим од аспект на потребната експертиза, квалификации и потребно искуство на одговорниот партнер и членовите на ревизорскиот тим;
- Проценка и утврдување на потребата од вклучување на експерти и специјалисти во ревизорскиот тим;
- Изготвување на детален временски буџет на ангажманот.

### Политики и процедури на спроведување на ангажманите на ревизија и проверка на квалитетот на ангажманите

### Методологија и алатки применети во ангажманите на ревизија

Друштвото применува глобална методологија за ревизија развиена од GTIL и имплементирана од страна на сите фирми - членки на GTIL. Оваа глобална методологија обезбедува јасна и директна врска помеѓу идентификуваните ризици, внатрешните контроли кои се однесуваат на ризиците и ревизорските процедури.

Друштвото ја применува глобалната методологија за ревизија употребувајќи интегриран пакет на софтверски алатки.

Нашите ревизорски тимови исто така користат алатка за генерирање и анализа на потребни податоци, која се користи за анализира на голем обем на финансиски податоци.

# Систем за управување со квалитет

## Комплетирање, архивирање и чување на ревизорската документација

Согласно воспоставените политики, процедури и методологија, ревизорските тимови се должни навремено да ги документираат резултатите од спроведените ревизорски процедури во текот на извршувањето на ангажманот. При тоа пред издавањето на ревизорскиот извештај, ревизорските тимови се должни да приберат доволни соодветни ревизорски докази во поддршка на ревизорското мислење.

Професионалните стандарди обезбедуваат соодветен период од датумот на ревизорскиот извештај во рамките на кој ревизорските тимови ги комплетираат и архивираат ревизорската документација и докази. Меѓународните стандарди дозволуваат период од 60 дена за комплетирање и архивирање, кој рок е прифатен и од страна на Друштвото.

Друштвото има воспоставено соодветни процедури за архивирање и чување на ревизорската документација, која се заснова на законската регулатива, професионалните стандарди и барањата на GTIL.

## Систем на внатрешна проверка на квалитетот

Друштвото има дизајнирано, документирано и имплементирано внатрешен систем за проверка на квалитетот. Целта на овој систем е да обезбеди разумна сигурност дека професионалните стандарди, политиките и процедурите на Друштвото се целосно и соодветно воспоставени и имплементирани.

Друштвото ја спроведува проверката и евалуацијата на системот на контрола на квалитетот на тековна основа, вклучувајќи периодична инспекција на селектирани ревизорски ангажмани. Овој процес, кој ги покрива пошироките процеси на Друштвото како и проверка на селектирани ревизорски ангажмани се нарекува Проверка на системот на внатрешната контрола на квалитетот.

Процедурите на проверка на внатрешниот систем на контрола на квалитетот опфаќа:

- Проверка на оперативната ефективност на процедурите на прифаќање и продолжување на ангажманите;
- Етичките прашања и независноста;
- Годишните изјави за независност;
- Капацитети и професионална компетентност;
- Едукација на вработените и назначувања лица и нивоа на ангажманите;
- Делегирање на задачи и одговорности;
- Консултации, решавање поплаки и жалби.

# Систем за управување со квалитет

### Надворешна проверка на системот на контрола на квалитетот

### Grant Thornton International ltd

Секоја фирма членка е обврзана да го подведе својот систем на контрола на квалитетот на проверка, позната како Grant Thornton Assessment and Review (GTAR). GTAR процесот е креиран со цел проверка на усогласеноста на фирмата членка со професионалните стандарди и глобалните политики и процедури во ревизијата.

GTAR се спроведува од страна на независни и соодветно квалификувани партнери од други фирми членки под раководство на глобалниот лидер за контрола на квалитет на ревизијата.

GTAR тимовите го проверуваат извршувањето на ревизорските ангажмани кај секоја фирма членка. Процесот на проверка вклучува оценка на политиките  и процедурите на фирмите членки применети во нивната ревизорска пракса, споредувајќи ги со релевантните политики и процедури на глобалната организација. Тимовите проверуваат и спроведени ревизорски ангажмани. Проверката вклучува и интервјуа со партнерите и персоналот за различни прашања.

Во октомври 2020 година, Друштвото беше предмет на GTAR контрола за годината која заврши на 31 декември 2019 година.

### Институт на овластени ревизори на Република Северна  Македонија

Друштвото е член на Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија (ИОРРСМ или Институтот).

Основните принципи и постапки за проверка на контролата на квалитетот се утврдени со Правилникот за начинот и постапката на контрола на квалитетот на друштвата за ревизија и на овластениот ревизор - трговец поединец. Проверките на контролата на квалитетот се подредени на начин кој осигурува дека секој ревизор ќе биде проверен барем еднаш во период од 3 години.

Согласно член 20 од Законот за ревизија, со почеток во месец ноември 2022 година, овластени претставници на Институтот извршија проверка на контролата на квалитетот на Друштвото, за годината која заврши на 31 декември 2021 година. Контролата е извршена во согласност со планот за контрола на квалитет за 2022/2023 година на Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија.

# Субјекти кај кои е извршена законска и договорна ревизија согласно Законот за ревизија

# Субјекти кај кои е извршена законска и договорна ревизија согласно Законот за ревизија

Во текот на 2024 година, Грант Торнтон ДОО Скопје изврши законска ревизија кај следниве субјекти:

| | | |
|---|---|---|
| АДОРА ИНЖЕНЕРИНГ дооел | Макаутостар Дооел Скопје | Баумер Дооел |
| Македонско Кредитно Биро АД Скопје | Блу Чип Дооел | Мастерлизинг Дооел Скопје |
| Бусемак дооел | МаТруст Доо Скопје | Виталиа Никола и Други доо |
| Мессер Вардар Техногас Дооел | Детоил доо Куманово | Метрополитен дооел |
| Детоил Транспорт | Млекара Здравје Радово Doo | Оилко КДА Скопје |
| ДМ Дрогерие Маркт дооел Skopje | М-НАВ АД | Дојран Стил Дооел |
| МОНЕТА ФИНАНЦИАЛ СЕРВИЦЕС ДООЕЛ Скопје | Дура Аутомотиве | Негорски Бањи АД Гевгелија |
| Еаст Гате Ливинг дооел | Еаст Гате Малл дооел | Нептун доо Скопје |
| НЛБ Леасе & Го Доо Скопје | Елкос Груп Доо | Орбита Инв Дооел |
| Енмон Дооел Велес | Пакомак Доо Скопје | ЕТМТ Енерџи Дооел Скопје |
| Пеко доо Скопје | Еуро Дистрибуција Дооел | Пелагонија Енерџи дооел |
| ИГМ Трејд Доо Кавадарци | ПЗУ Диамед Македонија | Инфософт Системс |
| ИТД Дистрибуција | Промгас Дооел Скопје | Протергиа Енерџи Дооел |
| Каргомакс Дооел с.Миладиновци | ПЦЦ Нев Хидро дооел | ПЦЦ Хидро дооел |
| Квалитет Пром Дооел Куманово | Кемет Електроникс Македонија | Рапид Билд Доо Куманово |

# Субјекти кај кои е извршена законска и договорна ревизија согласно Законот за ревизија

## Субјекти кај кои е извршена законска ревизија (продолжува):

| | | |
|---|---|---|
| Клириншка Куќа Клирumшки Интербанкарски Системи АД Скопје | Еаст Гате СЕГ доо | Кнауф Дооел |
| Кнауф Радика АД | СИНЦЕРИТАС АД - СКОПЈЕ | СОЛ СЕЕ Доо Скопје |
| Кромберг и Шуберт Битола | СОЛ Хидропауер Дооел Скопје | Ларин АД Скопје |
| Стар Моторс дооел Скопје | Линамар Аутомотиве Стрекчерс | ТГС Доо Скопје |
| Линамар Аутомотиве Стрекчерс | ТГС Доо Скопје | Течевизија Телма Дооел |
| Тинекс МТ дооел | Фонд за осигурување на депозити | Цапитал Трансфер ДОО Скопје |
| Унија Финансиска Скопје, ДОО Скопје | Фактор Труст ДОО Скопје | Финмак доо Скопје |
| Царсо Пхарм Дооел | Цермат Доо Битола | ЦИП Продукт |
| АДИНГ АД | ЗК Пелагонија АД | Пелистерка АД |
| Аитоникс АД | КБ Прво пензиско друштво АД Скопје | ТИКВЕШ АД |
| Витаминка АД Прилеп | Комерцијална банка АД Скопје | УСЈЕ АД |
| Друштво за осигурување Халк Осигурување АД Скопје | Макпетрол АД Скопје | ФЗЦ 11 Октомври АД Куманово |
| Евроинс Осигурување АД Скопје | Мермерен Комбинат АД  Прилеш | Халк Банка АД Скопје |
| Еуролинк Осигурување АД Скопје | Народна Банка на Република Северна Македонија | Шпаркасе банка АД Скопје |
| Жито Лукс АД | | |

# Субјекти кај кои е извршена законска и договорна ревизија согласно Законот за ревизија

Во текот на 2024 година, Грант Торнтон ДОО Скопје изврши договорна ревизија кај следниве субјекти:

| | | |
|---|---|---|
| Network of Associations of Local Authorities of South East Europe (NALAS) | Лајкамобајл дооел | Пелагонија Вет Dooel |
| SWG-Regional Rural Development Standing Working Group | Линамар Аутомотиве Стрекчерс | Платформа за истражувачко новинарство и анализи ПИНА Project: Independent journalists for development of professional media environment |
| Дата Лаб | Македонска развојна фондација за претпријатија | СЕГ Еаст Гате доо Скопје |
| Дојран Стил Дооел | Микрокредитна фондација ХОРИЗОНТИ Скопје | СОЛ СЕЕ Доо Скопје |
| Еаст Гате Малл дооел | Министерство за земјоделство-Проект АМР | СОЛ Хидропауер Дооел Скопје |
| Енерџи Деливери Солушн | Министерство за образование и наука -"Primary Education Impreovement Project"-проект на МБОР | Сурвалент Технолоџи дооел |
| Калтун Енержи Дооел | Министерство за труд и социјална политика- Проект за администрирање на социјалното осигурување | ТГС Доо Скопје |
| Конти Хидропласт Дооел | Министерство за труд и социјална политика- Проект за подобрување на социјалните услуги | Терна Енерџи трејдинг дооел Скопје |
| Кранфилд Фаундри дооел | Министерство за финасии-Проект BETAPFIP | Тор Импекс Доо Скопје |
| Кромберг и Шуберт Битола | Министерство за финансии-Проект за енергетска ефикасност (PSEEP) | Финмак доо Скопје |
| Кромберг и Шуберт Скопје | Пакомак Доо Скопје | Цапитал Трансфер ДОО Скопје |
| Центар за граѓански комуникации | Центар за истражување и информирање за животна средина Еко-Свест Скопје | Жито Лукс АД |
| Комерцијална банка АД Скопје | Мермерен Комбинат АД | |

# Субјекти кај кои е извршена законска и договорна ревизија согласно Законот за ревизија

Во текот на 2024 година, Грант Торнтон ДОО Скопје изврши законска ревизија на консолидираните финансиски извештаи кај следниве субјекти:

| | | |
|---|---|---|
| АДОРА ИНЖЕНЕРИНГ дооел | Клириншка Куќа Клириншки Интербанкарски Системи АД Скопје | Еаст Гате СЕГ доо |
| Бусемак дооел | Ларин АД Скопје | Тинекс МТ дооел |
| Виталиа Никола и Други доо | М Кар Дооел Скопје | Цермат доо Битола |
| Детоил Транспорт | МаТруст Доо Скопје | ЦИП Продукт |
| ИГМ Трејд Доо Кавадарци | Нептун доо Скопје | Орбита Инв Дооел |
| Квалитет Пром Дооел Куманово | АДИНГ АД | Витаминка АД Прилеп |
| ЗК Пелагонија АД | Комерцијална банка АД Скопје | Макпетрол АД Скопје |
| Пелистерка АД | Халк Банка АД Скопје | Шпаркасе банка АД Скопје |

# Финансиски информации

# Финансиски информации

Согласно член 35, точка 1 од Законот за ревизија и согласно Насоките за подготовка на Извештајот  за транспарентност, издадени од Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија во месец февруари 2015 година, Друштвата за ревизија се должни да објават финансиска информација за вкупниот приход од ревизијата и други надоместоци, расчленет на четири категории, согласно услугите кои ги нуди Друштвото, а тоа се:

- услуги на ревизија на годишни и консолидирани сметки (согласно МСР);
- дополнителни услуги на уверување во квалитет (согласно другите релевантни објави на IFAC, прифатени и објавени во Република Северна Македонија);
- даночни советодавни услуги (на пример, услуги на сметководство, проценки, советодавни услуги, интерна ревизија и други услуги); и
- други неревизорски услуги (на пример услуги за обуки, преводи и останати услуги).

Табелата во продолжение ги презентира соодветно бараните информации за остварениот приход на Друштвото за годините кои завршија на 31 декември 2024 и 2023.

| Категорија | 2024 (во МКД) | 2023 (во МКД) |
|---|---|---|
| Услуги на ревизија на годишни и консолидирани сметки | 57.935.222 | 51.030.828 |
| Дополнителни услуги на уверување во квалитет | 1.998.545 | 1.715.305 |
| Даночни советодавни услуги | - | - |
| Други неревизорски услуги | 20.386.304 | 20.055.943 |
| Остварен вкупен приход | 80.320.071 | 72.802.076 |

# Утврдување на хонорарот на овластениот ревизор

# Утврдување на хонорарот на овластениот ревизор

Друштвото ги применува следниве критериуми при утврдувањето на хонорарот на овластениот ревизор:

## Одговорноста

Во зависност од нивото на одговорноста и поставеноста на овластениот ревизор во  професионалната хиерархија на Друштвото се врши соодветно наградување на ревизорите.

## Постигнатите резултати

Остварените резултати, квалитетот и роковите на извршувањето на ангажманите се вреднуваат при наградување на овластените ревизори.

## Сопственоста

Секој овластен ревизор согласно неговото учество во сопственичката структура на Друштвото учествува во распределбата на добивката.

# Изјава за ефективноста на функционирањето на внатрешниот систем за контрола на квалитет

# Изјава за ефективноста на функционирањето на внатрешниот систем за контрола на квалитет

Во текот на 2024 година, Грант Торнтон ДОО Скопје ги имплементираше политиките и процедурите за ефективно функционирање на внатрешниот систем за управување со квалитетот на Друштвото за ревизија.

Управители



Сузана Ставриќ



Марјан Андонов



Ружа Филипчева

Грант Торнтон ДОО Скопје

Скопје, 28 март 2025

# Изјава за независното работење на Друштвото за ревизија

# Изјава за ефективноста на функционирањето на внатрешниот систем за контрола на квалитет

Во Грант Торнтон ДОО Скопје постојат интерни политики и процедури за проверка на усогласеноста на независноста и во текот на 2024 година истите се спроведени.

Управители

Сузана Ставриќ

Марјан Андонов

Ружа Филипчева

Грант Торнтон ДОО Скопје

Скопје, 28 март 2025

# Изјава за политиката што ја следи Друштвото за континуирано професионално усовршување

# Изјава за политиката што ја следи Друштвото за континуирано професионално усовршување

Во текот на 2024 година, Грант Торнтон ДОО Скопје ја спроведе политиката за континуирано професионално усовршување на овластените ревизори и останатите вработени.

Управители

Сузана Ставриќ

Марјан Андонов

Ружа Филипчева

Грант Торнтон ДОО Скопје

Скопје, 28 март 2025

© 2025 Grant Thornton

# Нашите канцеларии

# Нашите канцеларии

## Грант Торнтон ДОО



Ул. Св. Кирил и Методиј 526-1/20

1000 Скопје

Република Северна Македонија

**T** +389 2 3214 700

**F** +389 2 3214 710

**E** contact@mk.gt.com

www.grantthornton.mk

© 2025 Грант Торнтон ДОО. Сите права се задржани.

'Grant Thornton' се однесува на брендот, под кој, фирмите членки на Grant Thornton им обезбедуваат услуги на уверување, даночни и консултантски услуги на своите клиенти и/или се однесува на една или повеќе фирми членки во смисла на соодветниот контекст. Grant Thornton International Ltd (GTIL) и фирмите членки не се во партнерство на светско ниво. GTIL и секоја фирма членка на GTIL претставува посебен правен субјект. Услугите се обезбедуваат од страна на самите фирми членки. GTIL не обезбедува услуги на клиентите. GTIL и нејзините фирми членки не се агенти на, и не се обврзани едни кон други и не се одговорни за дејствијата или пропустите на други фирми членки.